Агенција за промоција и поддршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 09-117/1
28.01.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 2, глава б), точка 5 од Програмата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник" на Република Македонија бр. - 16/2019) и врз основа на член 14 став 1 алинеја 19 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, по предлог на Секторот за проекти, поддршка и административни правни работи, директорот на агенцијата донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ, ЗАБАВНИ, СПОРТСКИ, ГАСТРОНОМСКИ И ЕКОЛОШКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани турстички настани, а со цел зголемување и потикнување на туристичката понуда на Република Македонија, во согласност со Програмата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник" на Република Македонија бр.16/19), максималниот износ на поддршката, начин за доделување на поддршката, субјектите кои имаат право на учество во постапката, како и потребната документација.

Член 2

Агенцијата за промоција и поддршка на туризам согласно програмата за 2019 година има определено средства во износ од 1.500.000,00 денари, кои ќе се исплаќаат од ставка 425 од буџетска сметка.

Подршката на манифестациите ќе се реализира преку:

- доделување на финансиска поддршка - средства во висина од 10.000,00 до 120.000,00 денари поединечно за секоја манифестација согласно овој правилник.

Максималниот износ на бараните финансиски средства не смее да биде повисок од 30% од вкупните трошоци за реализација на манифестацијата.

Член 3

Поддршката на манифестациите ќе се реализира со јавен повик објавен во два печатени весници.

Член 4

На јавниот повик право на пријавување имаат сите заинтересирани субјекти, правни и физички лица, владини и невладини организации, кои организираат културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации, а со значење за туристичката понуда во Република Македонија и тоа само со еден предлог на проект.

Член 5

Постапката за доделување на финансиската поддршка од член 2 ја спроведува комисија формирана од страна на Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, со следни надлежности:

- Комисијата го објавува јавниот повик;
- Комисијата ги прибира, отвара, разгледува и евалуира барањата;
- Комисијата е должна да состави записник од отворање на барањата, записник од евалуирање на барањата и извештај за постапката со предлог за избор на квалификувани барања (ранг листа).

Решение за избор на квалификуваните барања го донесува Директорот на Агенцијата, врз основа на извештајот од страна на Комисијата. Субјектите кои нема да бидат избрани на повикот ќе се известат во рок од 15 дена од конечниот избор.

Врз основа на решението за избор, Директорот потпишува договор со секој избран барател поединечно.

Член 6

Средствата наменети за поддршка на манифестации ќе бидат поделени на два дела, за нови мaaнифестации и за нив ќе се определат 500.000,00 денари, додека за постоечките ќе се определат остатокот од 1.000.000,00 денари.

Изборот на корисниците за поддршка на постоечките манифестации ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| **Критериум** | **бодови** |
|---|---|
| Содржина на програмата (не поголема од 5 страници) | 30 |
| Медиумска експонираност на настаност (број на печатени и ТВ медиуми) | 20 |
| Традиција на изведување на манифестацијата (од 1-3 години 5 бода, 3-5 години 10 бода, над 5 години 20 бода) | Max 20 |
| Сопствен извор на финансирање учество во реализација на манифестацијата | 20 |
| Извори на финансирање на манифестацијата од други органи на државна управа | 10 |

Изборот на корисниците за поддршка на новите манифестации ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| **Критериум** | **бодови** |
|---|---|
| Содржина на програмата (не поголема од 5 страници) | 50 |
| Медиумска експонираност на настаност (број на печатени и ТВ медиуми) | 30 |

| | |
|---|---|
| Извори на финансирање на манифестацијата од други органи на државна управа | 20 |

Комисијата е должна во рок од 10 дена по крајниот рок за доставување на барањата да состави ранг листа, согласно горенаведените критериуми со бодови.
Доколку две или повеќе барања имаат ист број на бодови од ранг листата, поднесеното барање кое е доставено порано, ќе биде повисоко рангирано.
Непотполните апликации од член 7 од овој правилник и апликациите кои предвидуваат не реални пазарни цени (трошоци), нема да се разгледуваат.
Доделувањето на финансиска поддршка - средства за поддршка на манифестациите ќе врши се додека не се потрошат средствата од член 2.

Член 7

Корисниците од член 4 на овој правилник треба да достават барање за поддршка на манифестацијата за користење на поддршка, на образец кој е даден во Прилог 1,а кој е составен дел на овој правилник.

Кон пополнетото барање од став 1 на овој член се приложуваат и следните документи:

1. Решение за регистрација ДРД образец ( копија со печат и потпис на поднесувачот);
2. План и програма за користење на средствата (проект);
3. Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган.

Член 8

Корисникот на доделената финансиска поддршка должен е да поднесе докази (фискални сметки, сметко потврди, фактури, испратници,фотографии со логото на Агенцијата и сл) за наменско користење на средствата, во рок од 30 дена по реализација на манифестацијата.
Во случај манифестацијата да се реализирала пред објавувањето на јавниот повик за трековната година доказите за бараната финансиска подршка, барателот е должен да ги достави со самото поднесување на барањето.
Во случај манифестацијата поради одредени причини не се реализира барателот во рок од 30 дена е должен финанискиte средства да ги врати на давателот на финансиска поддршка.
Доказите се доставуваат по пошта или директно во Архивата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, но не покасно од предвидениот рок.

Член 9

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот го задржува правото за следење на реализација на манифестацијата, како и контрола на наменското трошење на средствата, како и нивен повраток доколку се утврдат било какви неправилности.

Член 10

Барањето за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да го подигнат во Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, ул: ГТЦ локал 11, кат 2 секција 7, 1000 Скопје, или на веб страната на Агенцијата : www.tourismmacedonia.gov.mk. .

Член 11

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото објавување на огласната табла на Агенцијата,а ќе важи до 31.12.2019 година.

Бр.----------------------- ДИРЕКТОР

----------------- 2019 година Љупчо Јаневски

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија • Скопје •

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА**
**НА ТУРИЗМОТ**

## БАРАЊЕ

**за доделување на финансиски средства за поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани турстички настани, а со цел зголемување и потикнување на туристичката понуда на Република Македонија**

- **ВИД НА ПОДДРШКА КОЈА СЕ БАРА**

| Намена | Вид на поддршка | Висина на бараните финансиски средства (денари) | Вкупен трошок за реализација на манифестацијата (денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |

(детално објаснување за потребната поддршка, за која се бараат одреден износ на средства)

- **ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ**

НАЗИВ НА БАРАТЕЛОТ:______________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

адреса__________________________________________________

телефон/факс____________________________________________

е mail__________________________________________________

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ

Име и презиме Потпис

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ ______________ М П

- **КРАТКА СОДРЖИНА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА**

  (Не повеќе од една страна да се набројат целите, очекувани резултати, активност за секој од резултатите, период на изведување и времетраење на манифестацијата, како и бараниот износ и вид на поддршка.)

- **ПОЈДОВНИ ОСНОВНИ – ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ**

  (Преглед од досегашно спроведувањето на манифестацијата,краток опис на програмите и активностите, времетраењето и изворите на финансирање.)

- **ОПИС НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА**

  - Цели на манифестацијата;
  - Очекувани резултати за секоја цел одделно;
  - Временска рамка за реализација (почеток – крај);
  - Програма на манифестацијата, план на активности со очекувани резултати.

- **ВЛИЈАНИЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА**

  - Број, опис и фотографии на директни учесници и посетители на манифестацијата, како и влијанието на манифестацијата врз развојот на туризмот и промоцијата на Република Македонија.

- **БУЏЕТ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА**

  Во една табела да бидат прикажани трошоците по најмалку следниве трошковни ставки:

  - **Хоризонтални ставки – опис на трошоци:**
  - Трошоци за услуги (техничка поддршка, опрема, софтвери, и сл.);
  - Материјални трошоци за имплементација на програмата на манифестацијата;
  - Друго (да се дополни доколку не е опфатено во погоре дадените ставки).

  - **Вертикални ставки - според извори на средства**
  - Сопствено учество на апликантот;
  - Останати извори на финансирање ( да се наведе секој поединечно);
  - Средства кои се бараат за поддршка од АППТ